# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 68 став 1 алинеја 11 од Уставот на Република Северна Македонија и членот 4 став (2) од Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Македонија” број 84/2008, 77/2009, 24/11, 43/14 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 151/21 и 74/24), Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 април 2025 година донесе

## ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА СРЕДНОРОЧНАТА ПРОГРАМА ЗА ФОРМИРАЊЕ, ЧУВАЊЕ, ОБНОВУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА СТОКОВНИТЕ РЕЗЕРВИ ЗА ПЕРИОД 2021-2025 ГОДИНА

I.

Во Среднорочната програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви за период 2021-2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија” број 52/21 и 101/21), во делот I. во точката 3 по зборот „јачмен,” се додава зборот „ориз,”.

Во точката 4 потточка 4.1. по алинејата 2 се додава нова алинеја 3, која гласи:

„- ориз за мин. 60 дена,”.

По точката 5 се додава нова точка 6, која гласи:

„6. Заради полесно чување и одржување, оризот ќе се чува во вид на оризова арпа. Како ориз може да се чува максимум 2% од вкупната количина на оризова арпа во стоковните резерви.”.

Точките 6, 7 и 8 стануваат точки 7, 8 и 9.

II.

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08 – 2172/1
8 април 2025 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.